РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА РЕСЕН
бр. 04-1140/11
12.06. 2023 год.
РЕСЕН

Врз основа на член 52 став 1 од Законот за административни службеници (Службен Весник на Република Македонија бр.27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015,5/2016,142/2016, 11/2018 275/2019, 14/2020, 215/2021 и 99/2022),Секретарот на Општина Ресен донесе

**О Д Л У К А**

**за избор на кандидат за унапредување на административен службеник по пат на интерен оглас**

1.Административниот службеник Кети Чачоровска ,по пат на интерен оглас ,се избира за работно место **Советник за интегрирано спречување и контрола на загадувањето, квалитет на амбиентен воздух и бучава и управување со отпад** шифра **УПР 01 01 В01 000** со звање **Советник** во Одделение за животна средина и управување со отпад, Сектор за животна средина, Општина Ресен.

2.Избраниот административен службеник во рок од 3 (три) дена од денот на објавувањето на оваа одлука должен е да достави докази за исполнување на посебните услови.

3.По завршувањето на постапката за избор и конечноста на Одлуката ,Градоначалникот на Општина Ресен ќе донесе Решение за унапредување на избраниот административен службеник од точка 1 на оваа Одлука .

**Образложение**

Врз основа на барање за започнување на постапка за унапредување на административен службеник со интерен оглас бр.04-1140/1 од 19.05.2023 година и Известување за обезбедени финансиски средства бр.09-1139/1 од 19.05.2023, Одделението за управување со човечки ресурси објави интерен оглас на веб страната на Општина Ресен и веб страната на Агенцијата за администрација.

Комисијата за селекција за унапредување на административен службеник формирана со Решение бр.04-1140/8 од 31.05.2023 година,спроведе административна селекција по наведениот интерен оглас и состави Записник и прилог ранг листа со бодирање на докази со бр.04-1140//9 од 08.06.2023 година.

Комисијата за селекција на административен службеник го закажа и спроведе интервјуто со единствениот кандидат **Кети Чачоровска** ,за што состави записник од работата на Комисијата заради спроведување на интервју бр. 04-1140/10 на ден 08.06.2023 година .Финалната ранг листа од спроведеното интервју е доставена до Секретарот на Општина Ресен со прворангираниот кандидат .

Согласно финалната ранг листа која е составен дел од Записникот и со оглед на тоа дека наведениот кандидат е единствен кандидат кој ги исполнува потребните услови за наведеното работно место се одлучи како ви диспозитивот на оваа Одлука .

**Правна Поука:** Против оваа Одлука за избор,кандидатот има право на жалба во рок 8 (осум) дена до Агенција за администрација ,од денот на објавување на Одлуката на веб страната на Општина Ресен .

**Секретар на Општина Ресен**

Зоран Кипревски

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА РЕСЕН РЕСЕН

**Доставено до:**
-Избраниот административен службеник
-Одделение за управување со човечки ресурси